Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-299/8
19.07 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-299/1 од 05.11.2019 поднесена од [redacted] од Тетово против Агенција за вработување во Р.С. Македонија - Скопје за сторена дискриминација врз основа на врз основа на психичко вознемирување, мобинг и понижување на работно место во областа на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 30.06.2021 го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКА

Заради тоа што, од страна на [redacted] од Тетово, започната е постапка пред суд врз основа на психичко вознемирување, мобинг и понижување на работно место во работните односи од страна на Агенција за вработување – Скопје и директорката - [redacted]

### Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 05.11.2019 г,беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] - Тетово, со место на живеење на ул.[redacted] Тетово, против Агенција за вработување - Скопје, 1000 Скопје.

Во претставката подносителот наведува дека врз него, како вработен на работно место: Административен службеник, Потпредседател на ОСО на АВРСМ, Овластен синдикален претставник на ОСО на АВРСМ и поранешен директор на Државен инспекторат на труд - Скопје, е сторена дискриминација по **основ**: вознемирувањена работно место, психичко вознемирување и друг вид на дискриминација од страна на потенцијалниот дискриминатор, директорката - [redacted] Согласно наводите во претставката, подносителот тврди дека работодавачот / директорката [redacted] е **потенцијалниот дискриминатор**,бидејќиго дискриминирала врз основа на психичко вознемирување и друг вид на дискриминаторско однесување во областа на работа и работни односи.

На 21.05.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-299/2 од 21.05.2021 и 0801-299/4 од 14.06.2021 г до Агенција за вработување Скопје со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 14.06.2021 и 24.06.2021 г до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен материјал од страна на Агенцијата за вработување на Р.Македонија, за произнесување по предметната претставка на [redacted] Тетово, од страна на посочениот потенцијален дискриминатор Агенција за вработување/ директор [redacted].

**ДОКУМЕНТИ:**

1. **Претставка и Укажување** од страна на [redacted] Тетово од 05.11.2019 година, со соцржина за опис на настани, случувања и односот на директорката - [redacted] врз подносителот:
   - Информација за незаконски хоризонтални и вертикални движења на работни места во време на локални избори 2017,
   - Информација за незаконско вработување и унапредувања во тек на изборен период, задолжување со работи во оддалеченост од работно место: од Охрид во Скопје, М.Брод во Скопје, Виница во Скопје и Кавадарци во Скопје,
   - Информација за дисциплински постапки и притисоци, прераспоредувања и конфискувана архива на синдикатот и престанок / отказ од работно место.
2. **Решение**за престанокод работен однос на [redacted] со бр.04-3328/8 од 22.10.2019 г.

3. **Жалба**: од [redacted] од Тетово по основ на добиено Решение за престанок од работен однос, бр. 04-3328/8 од 22.10.2019 г.

4. **Известување** од страна на АВРСМ - со содржина : 03-1563/2 од 09.06.2021 г

   - Запирање и повлекување на сите дисциплински и судски постапки против АВРСМ од страна на [redacted] поради надминување на сите недоразбирања со АВРСМ.
   - **Продолжување** на дисциплински и судски постапки во Основен Граѓански Суд - Скопје на [redacted] против [redacted] како потенцијален дискриминатор по основ: мобинг, елементи на вознемирување и психичко вознемирување која е во тек пред надлежен Основен граѓански суд - Скопје.

5. Одлука на Агенцијата за Администрација бр 09-556/6 од 07.11.2019 г, во која стои дека се:**уважува** жалбата на [redacted] решението за престанок од работен однос од 04-3328/8 од 22.10.2019 г, се **поништува** и предметот се враќа на **повторно** одлучување.

6. Комисија на Агенција за Администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен во која стои:

   - **Мериторна** одллука и ја **поништува** одлуката на директорката [redacted] 04-3328/8 од 22.10.2019 г,
   - Дисциплинската постапка за дисциплински престап, поведена со предлог за покренување на дисциплински постапка бр. 04-3328/1 од 27.09.2019 против господинот [redacted] се **запира**.
7. Известување од страна на АВРСМ 24.06.2021 г.

   - **Народен Правобранител** бр.2876/10 од 04.12.2019 г: Укажување за начинот на отстранување на констатирани повреди итоа:

1. Повреда на Законот за вработени во јавниот сектор чл.35 ст.2,
2. констатирано е постоење на психички притисок и вознемиреност,
3. повреда на правата содржани во законот за заштита од вознемирување на работно места,

- Записник за извршен инспекциски надзор од страна на ДИТ 11.11.2019 Г
- Поднесок за **вознемирување и мобинг**до Основен граѓански суд - Скопје, од страна на: [redacted] од Тетово против директор на АВРСМ - [redacted] е **во тек.**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, ја разлгеда севкупната прибавена документацијата доставена во прилог по предметот на [redacted] по претставката КСЗД се раководеше од законската рамка согласно ЗСЗД, кој регулира начин на постапување по предмети за кои, се води судска постапка пред надлежен суд за елементи поврзани со дискриминаторско однесување.

Одговорот на АВРСМ содржан во известувањето бр.03-1563/2 од 09.06.2021 диреkно ни посочува, потоење на активна судска постапка од страна на подносителот на претставката [redacted] од Тетово вработен во АВРСМ, против посочен потенцијален дискриминатор, директорката АВРСМ [redacted], за: мобинг, елементи на вознемирување и психичко вознемирување, што е важно во постапувањето и примената на ЗСЗД чл.27. ст.5 од страна на КСЗД.

**Цитирам**: во чл. 27. Ст. 5 од ЗСЗД стои: *КСЗД носи заклучок за непостапување или **запирање** на постапка по претставка во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постаката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.*

Од материјалната расправа на КСЗД по претставката, одлучечно е како во диспозитивот за **запирање** на постапката, поради посочени отворени судски постапки од страна на АВРСМ, се до донесување на конечната одлукаод страна на Основниот Граѓански суд – Скопје. Подносителот треба да ја информира КСЗД со примерок од судско решение со цел, продолжување на постапаката.

Скопје
19.07.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
**Весна Бендевска**

Доставено до:

-[redacted]-Тетово

-АВРСМ, Васил Ѓоргов 43, 1000 Скопје